СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 46. седница**
**27.5.2020 година**
**Точка на дневен ред бр. 8**
**ПРЕДЛОГ**

# ОДЛУКА

## за именување член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2020 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, СО бр. 02-978/1/II-9 од 29.5.2019 година (пречистен текст), Собранието на Банката на својата 46. седница, одржана на 27.5.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именува:

1. **_________________________________ - член**

**Член 2**

На именуваниот член на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето-износ од 50 000,00 денари како надомест за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членот на Надзорниот одбор кој живее надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола, ќе му се исплатува и надомест во висина на трошоци за патување и сместување по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување на Кабинетот на Управниот одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

СО бр.____________
Битола, 27.5.2020 година

Стопанска банка а.д Битола
Собрание на акционери

Претседавач

______________________

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, СО бр. 02-978/1/II-9 од 29.5.2019 година, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Сегашниот состав на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола е сочинет од 6 (шест) члена, и тоа: Миле Зечевиќ, Александра Радевска, Стевчо Јолакоски, Иванчо Вејлановски, Игор Камбовски и Гордана Темелковска - Костовска. За независни членови на Надзорниот одбор се именувани Миле Зечевиќ и Игор Камбовски.

Имајќи предвид дека мандатот на членот на Надзорниот одбор Стевчо Јолакоски, утврден со Решение на Народна банка за издавање претходна согласност за негово именување за член на Надзорен одбор на Банката, истекува на 26 јули 2020 година, а со цел доформување на Надзорниот одбор, потребно е Собранието да пристапи кон избор и именување член на Надзорниот одбор.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, се предлага Собранието на акционери да ја донесе предметната Одлука.

НО бр.02-8429/1/II.2-6
Битола, 22.4.2020 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

Претседател
м-р Миле Зечевиќ